# ИЗЈАВА ЗА ПРИВАТНОСТ

МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (бул. 8ми Септември бр. 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Македонија) собира и обработува лични податоци во рамки на учеството на Cashback World програмата, за да се пресметаат соодветните предности за купување, личните податоци на членовите, имено, име и презиме, титула, пол, датум на раѓање, е-маил адреса, поштенска адреса, координати на адресата (степен на географска должина и ширина), телефонски број (броеви), факс, ИБ на член,банкарски податоци (банка, IBAN, BIC, сопственик на сметката) како и податоците за Вашите купувања и направени зделки (датум на купување, место, време, сума, валута, кошничка, оддел, тип на купување (онлајн, офлајн, кај мали и средни претпријатија, кај Key Account, со Cashback картичка)). При обработка на наведените податоци МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје може дополнително да се користи кај mWSmyWorld Solutions AG(Грацбахгасе 87-93, 8010 Грац, Австрија) и Lyoness Europe AG (Банхофштрасе 22, 9470 Букс, Швајцарија) како даватели на услуги.

Со ова, членот се согласува и истото може во секое време да го повлече, личните податоци да бидат обработени од МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и/или mWSmyWorld Solutions AG за идентификување и испраќање на персонализирани информации на членот, како и за поштенски или личен контакт преку МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и/или mWSmyWorld Solutions AG за пријавување на Cashback World програмата и од понудите на партнерските компании, како и во анонимен формулар за статистички истражувања за МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

Со ова, членот се согласува и истото може во секое време да го повлече, да му ги даде на располагање следните податоци на давателот на препорака за информативно контактирање во однос на нови партнерски компании, нови шопинг-можности или специјални понуди: ИБ на член, име и презиме, како и е-маил адреса и телефонски број.

Со ова, членот се согласува и истото може во секое време да го повлече, МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје да му ги даде на давателот на препорака на членот, како и на неговиот давател на препорака (понатаму „индиректен давател на препорака“) следните податоци за следењето на активностите при купување на членот за целите на пресметка: датум на купувањето, време, име и презиме, износ на обемот на купување, валута. На индиректниот давател на препорака, наместо целосното име и презиме на членот, му се прикажуваат само името и првата буква од презимето.

Членот може во секое време во иднина писмено да ја повлече согласноста за оваа обработка на податоци (на МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (бул. 8ми Септември бр. 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Македонија)) или по е-маил на service.mk@cashbackworld.com. Правата за заштита на правото на информации, промени и бришење можат исто така да станат важечки со овие контактни податоци.


powered by myWorld.com